OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# Ј А В Е Н   П О В И К

за XXXVII седница на Собранието на акционери
на Охридска банка АД Скопје

Во согласност со одлуката на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје, НО бр. 0203-10182/22 од 28.02.2017 г., XXXVII седница на Собранието на акционери на Охридска банка АД Скопје ќе се одржи на ден 11.05.2017 година (четврток), со почеток во 14.00 часот, во просториите на хотел Мериот во Скопје, во конференциската сала А+Б, на ул. Плоштад Македонија 7, 1000 Скопје.

За работата на XXXVII седница на Собранието на акционерите на Охридска банка АД Скопје, Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје го предлага следниот:

## ДНЕВЕН  РЕД

**I.** Процедурален дел

1. Отворање на Собранието.

2. Избор на работни тела:
   – избор на претседавач,
   – записничар (нотар) и комисија за броење гласови.

II. Работен дел

1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел.

2. Усвојување на Записникот од XXXVI седница на Собранието на акционери на Банката.

3. Воведно излагање на претседателот на Управниот одбор на Банката.

4. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2016 година, од аспект на поединечните членови и колективно, со:
предлог-одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2016 година, од аспект на поединечните членови и колективно.

5. Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016 година со писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со:

Предлог-одлука за усвојување на годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016 година и писменото мислење.

6. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје по годишната сметка за 2016 година, со мислење на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје, и писмено мислење за него, изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со:
Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа Ернст и Јанг ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2016 година и писменото мислење.

7. Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2016 година, со:
Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2016 година, и
Предлог-одлука за усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со годишната сметка за 2016 година.

8. Предлог-одлука за распределба на дивиденда и утврдување на дивиденден календар на Охридска банка АД Скопје по годишната сметка за 2016 година

9. Предлог-одлука за ревидирање и одобрување на Кодексот за корпоративно управување на Охридска банка АД Скопје

10. Предлог-одлука за именување на независен член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје

11. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа на органите на Охридска банка АД Скопје (Надзорен одбор и Одбор за ревизија).

Се повикуваат акционерите на Охридска банка АД Скопје да присуствуваат и да учествуваат во работата на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото Собрание е должен да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание или со претходно доставување писмена пријава за учество на адресата на Банката:

Охридска банка АД Скопје
„Орце Николов“ бр. 54
1000 Скопје
со назнака „За Собранието на акционери“

Обрасците за пријава на учество на седницата може да се најдат на интернет-страницата на Банката www.ohridskabanka.mk.

Собранието ќе одлучува само за прашањата што се уредно ставени на дневниот ред, во согласност со Статутот на Банката и Законот за трговските друштва.

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин што е во согласност со Статутот на Банката и со одредбите од Законот за трговските друштва.

Секој акционер, со писмено полномошно, може да овласти друго физичко или правно лице како свој полномошник кој ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име, за што е должен веднаш да ја извести Банката, а во спротивно ќе се смета дека не го дал полномошното. Деталните информации за начинот на овластување полномошник, обрасците за гласање преку полномошник и начинот на известување за овластување полномошник може да се најдат на интернет-страницата на Банката www.ohridskabanka.mk.

Акционерите, кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број на акциите со право на глас, можат во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на јавниот повик за свикување на Собранието, односно најдоцна до 19.04.2017 година до 16.00 часот, да предложат дополнување на дневниот ред на Собранието со барање за вклучување нови точки на дневен ред и да предложат за усвојување одлуки по секоја од точките што се вклучени или ќе бидат вклучени во дневниот ред на свиканото Собрание.

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата или претходно, со доставување прашање во писмена форма на горенаведената адреса на Банката.

Детални информации за начинот на предлагање точки на дневниот ред, поставувањето прашања и предлагањето одлуки може да се најдат на интернет-страницата на Банката www.ohridskabanka.mk.

Акционерите можат да се запознаат со материјалите од дневниот ред по којшто ќе работи Собранието и со дополнителните информации во согласност со Законот за трговските друштва, во просториите на Охридска банка АД Скопје, секој работен ден од 8.00 до 15.00 часот, и на интернет-страницата на Банката www.ohridskabanka.mk.

НО бр. 0203-10182/22-1
28.02.2017 г.
С к о п ј е

Надзорен одбор,
Претседател,
Џовани Лука Сома

____________________